РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Су02 11/19-2
25.03.19 год.
ВИНИЦА

Друштво за производство,трговија и услуги
ДАДИ-КОМПАНИ ДООЕЛ с.Јакимово Виница
Бр. 0507-48
25.03 2019 год.

## ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ЕУРОДИЗЕЛ ГОРИВО

Склучен на ден 25.03.2019 година, помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1.Основен суд Виница, со адреса „Бел Камен“ бр.11, ЕДМ 5126606, застапуван од Претседателот на судот, Васка Петрова како Договорниот орган ,и

2. ДПТУ „Дади Компани“ Дооел , В ,ЕМБС ДБ застапуван од Управителот Стојмир Ристов, како Носител на набавката

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки - набавка на гориво од типот Еуро-Дизел, сукцесивно за потребите на службеното возило на судот. Постапката е спроведена електронски преку системот на ЕСЈН под број 4/2019, како и врз основа на Одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка со број СУ-02-11/2019 од 07.03.2019 година и донесената Одлука за избор на најповолна понуда со број Су02-11/2019-1 од 22.03.2019 година.

**Член 2**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорачува сукцесивно во текот на една година по барање на Договорниот орган .

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
**Член 3**

Вкупната вредност на договорот изнесува 48.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Фактурирањето на цената за испорачаните количини на гориво ќе се врши согласно дадената единечна цена за единечни мери дадени во понудата на носителот на набавката,без процент на намалување на малопродажната цена, а кои цени се менливи согласно Одлуката на Регулаторната Комисија за цени на горивата на Р. Македонија на денот на дотурот.

Износот утврден во ставот 1 на овој член не е обврзувачки и истиот не мора да биде исполнет во целост.

### ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ
**Член 4**

Времетраењето на договорот престанува со протекот на една година од потпишувањето, во кое траење Договорниот орган ќе ги набавува сукцесивно производите од Носителот на набавката.

## НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА
**Член 5**

Плаќањето на цената за секоја поединична набавка ќе се врши во рок од 60 дена по доставена финансиска документација (фактура) во архивата на Договорниот орган .

## РОК НА ИСПОРАКА
**Член 6**

Носителот на набавката е должен да ја испорачува стоката на бензинската пумпа сопственост на Носителот на набавката.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА
**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува дека стоката ќе биде во согласност со техничката и финансиската понуда која е дел од Договорот за јавна набавка.
Носителот на набавката се обврзува дека квалитетот на стоката ќе биде во согласност со важечките стандарди и прописи.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН
**Член 8**

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација ( фактура), во рок утврден во чл.5 од овој договор.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**Член 9**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 10**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 11**

Овој Договор е составен во (4) четири еднообразни примероци од кои по (2) два примерока за секоја страна.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган,** | **Носител на набавката,** |
| **Основен суд Виница** | **ДПТУ Дади-Компани ДООЕЛ,** |
| | **с.Јакимово** |
| **Претседател,** | **Управител,** |
| **Васка Петрова** | **Стојмир Ристов** |